Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневните настани 23.08.2023

На 22.08.2023 околу 22.30 часот на „Црногорска", полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи – Единица за недозволена трговија со дрога во заедничка акција со Единицата за интервентна полиција и Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје пронајдоа поголема количина оружје и муниција. Имено, во канта за отпад пред дворно место на улицата биле пронајдени автоматска пушка „Калашников" кинеско производство со една рамка со куршуми, автоматска пушка „Плетер 91" калибар 9 мм од хрватско производство и една торба со 100 куршуми калибар 7,62 мм и 27 други куршуми од различен калибар. Оружјето и муницијата биле подигнати за понатамошна постапка, а со судска наредба бил извршен претрес во домот на Б.Л.(27) од Скопје, кој не бил во домот. При претресот биле пронајдени предмети за кои постои сомнение дека се поврзани со кривичното дело. По целосно расчистување и документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, СВР Скопје ќе поднесе соодветна пријава.

На 22.08.2023 во 12.30 часот во Скопје, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Кисела Вода го лишиле од слобода Ѓ.К.(41) од Република Србија, со живеалиште во Скопје, поради сомнение за сторени кривични дела по член 235 и член 236 од Кривичниот законик. Подоцна, со судска наредба, бил извршен претрес во домот во кој престојува Ѓ.К., при што биле пронајдени и одземени повеќе предмети кои потекнуваат од кривично дело. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот, ЕВР Аеродром и Драчево против него ќе поднесе соодветна пријава.

На 22.08.2023 во 09.30 часот во с.Батинци, скопско, полициски службеници од Полициската станица Драчево го привеле Џ.Ш.(39) од с.Елово, општина Студеничани. Тој бил затекнат од полициски службеници како со патничко возило „фиат типо" со скопски регистарски ознаки превезува огревно дрво без документација. Џ.Ш. се обидел да избега, но набргу бил фатен и приведен. Возилото и дврата биле одземени за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.08.2023 во 16.30 часот на Граничен премин „Богородица", полициски службеници ги лишиле од слобода И.Е.(37) и С.Ј.(32), двајцата од Скопје и Х.А.(26) од Република Турција поради постоење основано сомнение дека сториле кривично дело „помагање на странец при недозволен влез и транзит", казниво по член 211 од Законот за странци. Имено, во возило кое го управувал И.Е. се превезувале Х.А. и една малолетничка од Република Турција, кои при пасошка контрола приложиле туѓи патни исправи, а кои им биле дадени на послужување од С.Ј.. За настанот бил известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 21.08.2023 во 22.00 часот на патот Градско-Прилеп, во с.Беловодица, полициски службеници од Полициската станица Прилеп ги лишиле од слобода Ф.Р.(22) и Ј.С.(19), двајцата од с.Норово, крушевско. при преглед во патничко возило „рено меган" со битолски регистарски ознаки, кое го управувал Ф.Р., а сопатник бил Ј.С. била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.08.2023 на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје", полициски службеници го лишиле од слобода К.Ј.(25) од Република Турција затоа што по извршена проверка во службената евиденција било констатирано дека за него била распишана меѓународна потерница од Интерпол Виена-Австрија поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „финансиска измама". Од судија во Основен суд Скопје му е одреден екстрадиционен притвор од 30 дена, по што бил предаден во Казнено - поправната установа Затвор Скопје за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (22.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 278 возачи. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 152 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 126 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (22.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 271 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 69 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се седум мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло, 16 санкции за користење на мобилен телефон при возење, девет мерки за некористење на сигурносен појас...

На 22.08.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 31 прекршоци, од кои 15 во населено место и 16 надвор од населено место. Санкционирани биле и 21 другви видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 2 за возач почетник, 1 за претовар, 1 за нерегистрирано возило, 2 за некористење сигуросен појас, 2 за неносење заштитна кацига и 6 за непропишо паркирање.

На 22.08.2023 околу 10.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на пат од Скопје за Тетово, кај с. Буковиќ, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „фиат пунто" со скопски регистарски ознаки управувано од Л.Р.(31) од Скопје и патничко моторно возило „волксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Д.(57) од Скопје. Од здобијените повреди на местото починал возачот на возилото „фиат пунто" Л.Р., а смрт констатирал лекар од итна медицинска помош. Додека, возачот на возилото „голф", Б.Д. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" каде му биле констатирани телесни повреди. Увид на местото на несреќата извршиле јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.08.2023 околу 16.00 часот во СВР Куманово било пријавено дека на локалниот пат Куманово-с.Романовце, во с.Романовце, патничко моторно возило „бмв" со кумановски регистарски ознаки, управувано од К.Ш.(23) од Куманово, изгубило контрола и излетало од патот. По несреќата, возачот К.Ш. бил пренесен во Општа болница Куманово каде му биле констатирани тешки телесни повреди. За настанот бил известен јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од СВР Куманово.

На 22.08.2023 во 22.30 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул.„Капетан Игор Ѓорески" во с.Обршани, општина Кривогаштани, И.К.(39) од с.Крушеани, општина Кривогаштани, управувајќи мопед со прилепски регистарски ознаки изгубил контрола и удрил во паркирано патничко возило „ситроен" со прилепски регистарски ознаки, сопственост на А.Ш.(45) од с.Обршани. По несреќата, И.К. бил пренесен во Градската болница Прилеп каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

На 23.08.2023 во 00.50 часот во Полициската станица Гази Баба, Б.Л.(76) од Скопје пријавил дека на ул.„Анри Барбис" во Скопје неговиот малолетен внук бил каснат од куче сопственост на Ѓ.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.08.2023 во 15.20 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Р.(27) од Куманово. Тој се сомничи дека во август оваа година одзел златен накит од приватен имот на ул.„Тане Георгиевски" во Куманово. С.Р. бил задржан во полициска станица и во службен разговор го признал делото. Одземеното било вратено на сопственикот, а по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 22.08.2023 во 12.05 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Д.(20) од Куманово затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против С.Н.(39) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „кражба" и едно кривично дело „обид за оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". На 24.07.2023 на улица „Прилепска" во Кавадарци, од товарно возило „ивеко" со неготински регистарски ознаки, сопственост на Д.С. од с.Криволак, неготинско, пријавениот одзел чанта со пари, дебитна банкарска картичка, лични документи и други предмети, по што истиот ден имал неуспешен обид да изврши електронска наплата со картичката. Исто така, на 25.07.2023 на улица „Зелен Пазар" во Кавадарци, од патничко возило „дачија" со скопски регистарски ознаки, пријавениот одзел два мобилни телефони.

На 22.08.2023 во 11.00 часот во СВР Скопје, Д.А.(26) од Скопје пријавил дека околу 02.00 часот на подрачје на Аеродром бил физички нападнат од неколку лица, кои употребиле и метален предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.08.2023 во 18.00 часот во СВР Скопје, С.С.(32) од Скопје пријавила дека на 21.08.2023 околу 21.30 часот на подрачје на Карпош, неколку лица физички нападнале 17 - годишен малолетник на кој таа му е старател, при што едно од лицата со остар предмет му нанел повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2023 во 04,20 часот во СВР Скопје, С.Ш.(24) од Скопје пријавил дека околу 03.00 часот на подрачје на Ѓорче Петров бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Л.С.(38) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „овозможување на употреба наркотични дроги". На 13.07.2022 во Битола, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „ауди", во кое биле две лица, при што кај нив била пронајдена и одземена марихуана која претходно ја набавиле од пријавениот. Додека, на 11.08.2022, при претрес во домот кај пријавениот, исто така, била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Т.Ж. (27) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.01.2023 во Битола, полициски службеници извршиле преглед над патничко возило, во кое биле две лица, при што била пронајдена и одземена марихуана, која ја набавиле од пријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против С.Т.(21) од Италија, со привремен престој во Голем Папрадник, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 11.08.2023 на пат кон Дебарското Езеро, полициски службеници, извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и кокаин.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.С.(22) и Д.Д.(23), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „полов напад и силување". На 09.10.2021, пријавените со употреба на сила извршиле обљуба врз 18-годишна девојка.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Ј.В.(28) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 15.08.2023 во Кочани, пријавениот физички нападнал 15-годишен малолетник од Кочани, при што со остар предмет му нанел повреда.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет